Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-1040**
**04.09.2023 год.**

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и член 2, член 20 и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018), како и Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-794/13 од 10.07.2023 година, Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје распишува:

# О Г Л А С
## за избор на демонстратори во учебната 2023/2024 година

I. За учебната 2023/2024 година се распишува оглас за избор на **демонстратори** како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа на:

1. **Катедрата за паразитологија и паразитарни заболувања - 1 демонстратори**
   Предмет: *Паразитологија и паразитарни заболувања*
2. **Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч — 1 демонстратори**
   Предмети: *Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на* пчели
3. **Катедрата за функционална морфологија- 3 демонстратори**
   Предмет: *Хистологија со ембриологија* (1)
   Предмет: *Анатомија на животните* (1)
   Предмет: *Физиологија на животните* (1)
4. **Катедрата за патофизиологија - 1 демонстратор**
   Предмет: *Патолошка физиологија*
5. **Катедрата за ветеринарна хирургија – 2 демонстратори**
   Предмети: *Општа хирургија со анестезиологија и Специјална хирургија со ортопедија*
6. **Катедрата за Внатрешни болести на домашни миленици и копитари – 2 демонстратори**
   Предмети: *Внатрешни болести на домашни миленици и копитари и Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари*
7. **Катедра за одгледување на животни — 1 демонстратор**
   Предмет: *Сточарство*
8. **Катедра за болести кај птиците – 1 демонстратор**
   Предмет: *Болести на птиците*
9. **Катедрата за анимална хигиена и заштита на животна средина - 1 демонстратор.**



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Предмет: Анимална хигиена

10. **Катедрата за заразни болести и епидемиологија – 1 демонстратор**
    Предмет: Заразни заболувања кај домашните животни
11. **Катедрата за репродукција — 1 демонстратор**
    Предмет: Репродукција на животните
12. **Катедра за биологија на клетка, биохемија и клиничка биохемија – 1 демонстратор**
    **Предмет**: Биологија на клетка

**II**. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

**За точките од 1 до 11 :**

- да се студенти на Факултетот за ветеринарана медицина во Скопје и имаат остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или да се студенти на трет циклус на студии на една од студиските програми на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
- студентите да го имаат положено предметот на кој конкурираат;
- во својата пријава, студентите може да наведат најмногу до два предмети за кои се пријавуваат, согласно објавената листа.

**За точката 12:**

- да имаат завршено прв циклус студии со просечна оценка најмалку 8,00 (осум) на студиската програма по биологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и да се студенти на втор или трет циклус студии од областа на биолошките науки при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

**III.** Со пријавата (во прилог), кандидатите поднесуваат докази за исполнетост на условите утврдени во огласот: уверение за положени испити, индекс на увид и куса биографија (CV) во архивата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на ул. Лазар Поп Трајков бр. 5-7.

**IV.** Огласот трае од денот на објавувањето, до 29.09.2023 година (петок).

**V.** Факултетот го задржува правото да не ги ангажира избраните демонстратори доколку во учебната 2023/2024 година нема доволен фонд на часови, односно предмети.

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р

Да се достави до:
- Огласна табла
- Вебстрана
- Архива



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk